

ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА

Support to a National Civil Society Forum/Platform
An EU funded project, managed by the European Agency for Reconstruction
Поддршка на националниот форум/платформа на граѓанското општество
Проект финансиран од ЕУ, а раководен од Европската агенција за реконструкција



„Никогаш не се сомневај во тоа дека една мала група на грижливи, посветени граѓани може да го промени светот, воушност, тоа е единственото нешто што го менува.“
(Маргарет Мид)

Со овој водич сакавме волонтирањето да го направиме повидливо, да го зголемиме нивото на информираност, да ја подигнеме јавната свест за значењето и важноста на волонтерската пракса и да отвориме нови можности за волонтирање. Тоа не значи дека е непроменлив. Напишан е за да се менува и дополнува, како што волонтирањето во Македонија ќе се менува и развива. Се надеваме дека, засега, ќе биде практична алатка за младите и студентите. Дека ќе помогне во изнаоѓање форми за сопствената партиципација во граѓанското општество и во процесот на донесување промени. Дека ќе придонесе за корисно структуирање на слободното време, стекнување знаења и работни вештини.

„Дваесет години од сега ќе бидеш многу поразочаран од нештата што не си ги направил, отколку од нештата што си ги направил. Затоа отфрли ја здравеноста. Напушти го сигурното пристаниште. Насочи го правецот на ветриштата на твоите едра. Истражувај. Сонувај. Откривај.“ (Марк Твен)

Борци се со други со слични идеи за подобрување на сопствените услови заштита на околината и создавање на услови за општествено живеење



"Барајте начин

како врз темелот

на секое искуство

да создадете

нова вредност."

(Сузан Џеферсон)

**ДАЛИ СИ ЧОВЕК ШТО САКА ПРОМЕНИ?**

**БИ ЈА МЕНУВАЛ/А ЛИ ОКОЛИНАТА ИЛИ ИМАШ ДРУГИ ИДЕИ?**

**САКАШ ДА ВОЛОНТИРАШ, НО НЕ ЗНАЕШ КАКО?**

**ОВИЕ ИНФОРМАЦИИ СЕ ДЕЛ ОД *ПРЕДИЗВИКОТ НАРЕЧЕН ВОЛОНТИРАЊЕ***

**ШТО Е ВОЛОНТИРАЊЕ?**

lat. *vŏlo, velle, vŏlŭi* - да се сака, посакува;
*vŏluntas, ātis, f .* - волја, желба, намера, слободна волја;

Волонтирање или доброволна работа е активност на луѓе кои имаат волја да го вложуваат своето слободно време, труд, знаење и работа, без паричен надомест за добробит на одреден поединец, група, заедница или животната средина.

***"Од волонтирањето не се живее, но тоа го облагородува животот на сосема специфичен начин."***
***(Avni, 30г.)***

***"Со доброволната работа создава шнова филозофија на живеење."***
***(Милица, 57г.)***

Волонтирањето придонесува за демократски промени во секое општество. Преку него се создава чувство на одговорност кон заедницата и постојано се укажува и потврдува важноста на вредностите како што се: солидарност, заедништво, рамноправност, ненасилство, грижа за животната средина итн. Вклучувајќи се волонтерски во разни граѓански иницијативи, граѓаните учествуваат во обликувањето на самото општество и на тој начин работејќи за другите, истовремено работиме и за себе.

Волонтирањето е дел од секоја цивилизација или општество.
Се јавува во различни облици, од традиционални форми на помош на друг во неволја, до организирано делување во кризните региони.



Општествената рамка во којашто се одвива денешното волонтирање се разликува од првобитното волонтирање во тоа што им помагаме на луѓе кои не ги познаваме или работиме на решавање на проблеми кои ја засегаат пошироката заедница.

Кога ќе се спомне волонтирање најчесто првите асоцијации се учество во каритативни дејности како помагање во народна кујна или собирање облека за посиромашни, меѓутоа волонтирањето може да биде и многу повеќе.

ЖЕЛБА И ПОДГОТВЕНОСТ ДА МЕНУВАШ ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ

Денеска преку волонтирање можеш да работиш за нешто во што веруваш, да превземеш одговорност и директно да се обидеш да измениш нешто. Опсегот на активности во кои можеш да учествуваш како волонтер/ка е огромен и може да биде од помагање на други, до отворање на прашања и проблеми кои сметаш дека треба да се сменат или решат. Волонтирањето е цврсто врзано за системот на вредности на одреден човек.

Најчесто волонтирањето е поврзано директно како израз на човекољубие или хуманост. Но во последно време има сè поголем број на активности за заштита на животната средина (растенија, животни, вода, воздух и сл.) кои се посредно поврзани со хуманоста, корисни се за луѓето во непосредната околина, но и пошироко, како и за генерациите уште неродени.





ИСКОРИСТИ ГИ СОПСТВЕНИТЕ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ ЗА ДОБРОТО НА ЧОВЕКОТ И ЗАЕДНИЦАТА

**"Volunteerism is the willingness of people to work on behalf of others without the expectation of pay or other tangible gain." (http://en.wikipedia.org/wiki/Volunteerism)**

**"Any activity which involves spending time, unpaid, doing something which aims to benefit someone (individuals or groups) other than or in addition to, close relatives, or to benefit the environment" Institute for Volunteering Research (http://www.ivr.org.uk/nationalsurvey.htm)**

„Волонтирањето е волја на луѓето да работат за добробит на другите не очекувајќи никаков паричен надомест или друга очигледна заработка."

„Секоја активност којашто вклучува поминување време, без паричен надомест, за правење нешто за добробит на некој друг (индвидуалци или групи) или блиски роднини или за добробит на околината."
Институт за волонтерско истражување

Здружи се со други со слични идеи за подобрување на сопствените услови, заштита на околината и создавање на услови за општествено живеење

## ШТО НЕ Е ВОЛОНТИРАЊЕ ?

Една од главните карактеристики на волонтирањето е дека тоа е работа за која не се добива паричен надомест. Меѓутоа тоа не значи дека сите работи и задачи за кои не се добива паричен надомест се волонтирање. На пример, приправнички стаж, работа на стипендиски проекти, неплатена пракса од каков било вид, цивилно служење на воен рок, испомош во бизнис секторот и сл., не се волонтирање.

Волонтирање се оние активности и дејствија кои се прават исклучиво по слободна волја и избор, чија крајна цел е добробит на другите или општеството.





Важно! Тоа се активности во кои не се искористуваат волонтер(к)ите како бесплатна работна сила за стекнување профит!

Можеш да придонесеш во создавање на посебна визија за светот и околината која те опкружува.

## ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ?



***- ИНТЕРЕС***

Желба кај поединци/ки и групи за доброволна работа.
Волонтерот/ката јасно да ја изрази желбата да волонтира во област за која има знаење и способности. Или доколку изрази желба да волонтира во област за која нема знаење и способност, да учествува во едукација и оспособување за истата.

***- ПОТРЕБА***

Некој/а (поединец/ка или група) во заедницата да има потреба од помош. Примателот на помош да побара или да се согласи на понудената помош. Потребата за ангажирање на волонтер(к)и ја утврдуваат различни владини и невладини организации или група граѓани кои оцениле дека потребата е реална. Волонтер(к)и можат да се ангажираат и по барање на поединци или група граѓани кои имаат потреба од помош.

***- ОТВОРЕНОСТ***

Организациите или институциите кои овозможуваат волонтирање треба да се отворени, како кон поединци/ки кои сакаат да волонтираат, така и кон институции/организации кои имаат потреба од волонтер(к)и. Поради постојаниот контакт со целната група, граѓанските организации се најпогодни за посредување, мотивирање и промовирање на волонтерството.

***- ВИЗИЈА***

Заради брзите промени во социоекономските, здравствените, еколошките случувања важно е постојано да се усовршува и подобрува начинот за проценување на потребите каде, како и кога да се пристапи кон мобилизација на волонтер(к)и или приклучување кон институција/организација од областа каде што е изразена потребата, односно интересот.



## КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ВОЛОНТЕР/КА ?




Волонтер(к)и се луѓе кои независно од својата професионална работа или некоја друга определба, свесно и своеволно избрале дел од своето време, знаења, искуства и енергија да го споделат со другите и на тој начин да придонесат кон подобрување на заедничкиот живот.

За волонтирање, во најголем број случаи, не е потребен никаков посебен степен на образование. *Секој* што има добра волја може да биде волонтер/ка. Полето на активности во кои може да се волонтира е толку големо што во него може да се пронајде и реализира секој кој има желба за тоа.

Самите волонтер(к)и најчесто избираат да ги работат оние работи кои ги познаваат и можат самостојно да ги извршуваат. Во случаи кога волонтер(к)ите не се доволно едуцирани за некоја конкретна работа, пред почетокот на работата им се овозможува дополнителна едукација, а во текот на самата работа соодветно стручно лице ги насочува, следи и им дава поддршка во реализирањето на задачите.

Возраста, исто така, нема ограничувачка улога во волонтирањето. *Сите* луѓе можат да волонтираат независно од возраста. Постојат деца волонтер(к)и, млади, возрасни, постари волонтер(к)и, пензионер(к)и, а во светот постојат и волонтерски програми што го вклучуваат целото семејство. За сите малолетни волонтер(к)и потребна е согласност од родител или старател/ка.

Важно! Децата под 15-годишна возраст не смеат да се ангажираат на потешки физички активности.

Доколку сѐ уште си несигурен/на и мислиш дека не поседуваш никакви особени, специфични вештини кои би ги понудил/а, мало потсетување: за многу волонтерски работи потребни се едноставни нешта, да се биде тука за некого, некој да има со кого да позборува, да се покаже малку грижа, или пак потребен е само уште еден пар раце за нешто да се заврши.

***"Волонтирањето може да те направи среќен на посебен начин."***
***(Zymrete,45г)***



## ЗОШТО ВОЛОНТИРАМЕ ?

Волонтер(к)ите волонтираат поради другите, но и поради себе самите. Не постои едноставен ниту пак еден единствен одговор на прашањето зошто некој волонтира.

Мотивите кои луѓето ги поттикнуваат на волонтирање можат да бидат најразлични - желба да им се помогне на оние на кои помошта им е потребна, чувство на исполнетост, потреба да се биде корисен во заедницата, желба за запознавање нови луѓе, стекнување на работно искуство, можност за учење нови вештини, осмислување на слободното време, разрешување на лични дилеми или проблеми, да се работи нешто додека да се најде платена работа итн.

Важно! Секој волонтира од индивидуални причини, но треба да се напомене дека *сите* мотивации за волонтирање треба подеднакво да се вреднуваат. Без оглед дали мотивирањето потекнува од "очигледно" алтруистички (доброчинителни) причини или од некои лични потреби и интереси, волонтирањето секогашрезултира исто - корист за другите и заедницата.

***"Јас би дала од моето слободно време за бесплатно да му помогнам на некој. А зошто да не? Секоја работа, па и волонтерската, носи двојна корист - за нас носи нови сознанија, усовршување на вештините и способностите и задоволство дека се помага, а за тој, некој ли си другиот, носи и корист од сработеното."***
***(Ана, 26г.)***



## ПОДЕЛБА НА ВОЛОНТЕРСКАТА РАБОТА

Волонтерската работа може да се подели според различни основи: подрачја на волонтирањето (на кое поле и каков вид на работа), времетраење на работата, областа на делување, начинот на кој волонтирањето е организирано итн.

Волонтирањето според подрачјето на работата се дели на:

- -грижа за други луѓе (на пр. немоќни лица, стари, маргинализирани, деца, сиромашни итн.);
- -хуманитарна работа (на пр. помош при природни катастрофи како земјотрес, поплави или помош во подрачја погодени од војната);
- -социјална работа (на пр. помагање во здравствени или социјални установи);
- -заштита на животната средина (на пр. разни еколошки акции или акции кои ја јакнат еколошката свест);
- -работа во областа на културата (на пр. организирање културни случувања, акции и дејности од културен карактер, заштита на културното наследство итн.).

Според времетраењето можни се различни модели на волонтирање во согласност со потребите на конкретната работа и времето што волонтер(к)ите можат да го одвојат за волонтирање.



Најчестата поделба е на краткорочно и долгорочно волонтирање.

*Долгорочните* волонтирања се оние кои траат неколку месеци или повеќе, кои бараат континуирана работа.

*Краткорочните* можат да бидат на пример, само додека трае некоја акција, манифестација или случување.

Според областа може да се делува локално, регионално, национално и меѓународно.

*Локалното* волонтирање е работа во „сопствениот двор". Ова е најчесто и највидливото волонтирање, бидејќи волонтер(к)ите го познаваат подрачјето и контекстот во кој работат, па секоја позитивна промена брзо се забележува и тоа дополнително делува мотивирачки.

Волонтирањето на *регионално* ниво обично се однесува на делување на одреден проблем поврзан со регион, на пр. проблем поврзан со Охридското Езеро (вклучувајќи ја тука и прекуграничната соработка).
*Национално* волонтирање значи на ниво на цела земја здружено да се делува во решавање на некој проблем.
На *меѓународно* ниво луѓе од различни земји заедно работат во решавање на проблеми. За меѓународно волонтирање постојат голем број програми за размена или вклучување на волонтер(к)и од различни земји.

Според тоа како е организирано волонтирањето разликуваме неформално и формално волонтирање.

***Неформално*** волонтирање е секој вид на помош која се дава доброволно, но не се одвива во склоп на некоја организација или институција.

***Формалното*** волонтирање има определена структура и се одвива во некоја организација или институција.

> ***"Најголемиот дар што го добив од волонтирањето е привелигијата да се препознае потреба, да се има волја и желба и да се остварат тие потреби и желби во земја каде повеќето работи се тешко остварливи"***
> ***(изјава на волонтер)***

> ***"Според мене, да се биде волонтерка е да се има слобода работите да се направат според сопствената замисла и желба."***
> ***(Лидија, 21г.)***

ВОЛОНТИРАЊЕ Е РАЗМЕНА НА ЧОВЕЧКИ ДОБРИНИ, ОСОБЕНО ПРЕД СЕ: ЉУБЕЗНОСТ, РАЗБИРАЊЕ, ПОЧИТУВАЊЕ, ВНИМАНИЕ И ТРПЕЛИВОСТ.

## СО ВОЛОНТИРАЊЕ ПОСТИГНУВАШ :

**Личен развој**

-учење на нови знаења, вештини и способности;
-откривање и/или развивање на сопствените потенцијали;
-задоволство од самата работа, задоволство од себеси поради тоа што го правиш;
-чувство на корисност и потребност, чувство на исполнетост и посебен вид на среќа;
-развивање на сопствените вредности;
-стекнување на работно искуство и работна квалификација;
-зголемување на животното искуство;
-лично созревање;
-самодоверба;
-разрешување на некои дилеми и потешкотии;
-и др.



РАЗВИВАЈ ЈА СВОЈАТА СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ.

**Решавање на конкретни проблеми**

Волонтирањето преку локални или глобални акции помага во решавањето на конкретни проблеми во општеството или заедницата. Тоа може да биде еднократна и конкретна помош, на подрачје погодено од некоја природна катастрофа (на пр. во 1963 година после земјотресот во Скопје, волонтираа голем број волонтер(к)и од СФРЈ, но и од светот) или може да биде континуирана работа како волонтирање на СОС телефон.

Крајна цел на секоја волонтерска активност е постигнување на видливи подобрувања кои придонесуваат кон севкупната, општа добробит на заедницата во која таа активност се одвива.

**Развој на демократско општество**

Волонтирањето на пошироко општествено ниво директно го зајакнува граѓанското општество и вредностите што тоа ги носи. Волонтирањето придонесува за развојот на самоиницијативноста на луѓето, ги поттикнува здружените акции, ги инспирира луѓето да делуваат и нештата да ги менуваат на подобро.

ЖЕЛБА И ПОДГОТВЕНОСТ ДА МЕНУВАШ ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ...

**ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА ВОЛОНТЕР(К)ИТЕ**

Постојат одредени права и одговорности кои доаѓаат со самото волонтирање. Најчесто, во секоја земја општите права и одговорностите на волонтер(к)ите и организациите се утврдени со посебен закон за волонтерство, а дополнително ги дефинира секоја организација/институција за себе.
Еве некои од основните права на волонтер(к)ите или

**како волонтер/ка имаш право**:
-да знае шшто се очекува од тебе;
-навремено да ги добиваш сите информации за работата;
-да работиш работа која не е бесмислена;
-твојата работа да биде ценета подеднакво како и на луѓето кои примаат плата;
-да имаш супервизија и поддршка;
-да знаеш на кого да му се обратиш доколку се појави некој проблем;
-да не бидеш дискриминиран/а по ниту една основа;
-да можеш да згрешиш и учиш од грешките;
-да имаш безбедни услови за работа;
-да бидеш осигуран, ако условите за работа го бараат тоа;
-да се откажеш од волонтирањето во рок  доволен да се најде замена;
-да добиеш документ за времето, местото и задачите што си ги обавувал/а при волонтирањето;
-да можеш да го кажеш своето мислење за начинот на реализирањето на задачите што ти се доверени;
-да ги знаешсвоите права и одговорности.

ИСКОРИСТИ ГИ СОПСТВЕНИТЕ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ ЗА ДОБРОТО НА ЧОВЕКОТ И ЗАЕДНИЦАТА

**Некои од основните одговорности на волонтер(к)ите:**

-да ги почитуваш правилата, вредностите и целите на организацијата во која волонтираш;
-одговорно да ја извршуваш работата;
-да ги завршиш договорените проекти и задачи;
-навреме да најавиш отсуство;
-да ги почитуваш другите и нивните права;
-да ги почитуваш приватноста и доверливоста на информациите со кои доаѓаш во допир;
-да присуствуваш на едукациите и сите останати активности кои се дел од работата;
-да прифатиш и дадеш конструктивна критика.



ДРУЖИ СЕ СО ДРУГИ СО СЛИЧНИ ИДЕИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ УСЛОВИ ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА И СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА СПОКОЈНО ЖИВЕЕЊЕ

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА/ ИНСТИТУЦИЈАТА КОЈА АНГАЖИРА ВОЛОНТЕР(К)И

**Некои од правата на организацијата која ангажира волонтер(к)и:**

-да склучи договор со волонтерот/ката;
-да бара задачите да се извршат на определен начин;
-да подготви план според кој ќе се реализираат задачите;
-да постави стандарди за работа;
-да бара одредени квалитети и вештини од волонтер(к)ите;
-да ги одбие волонтер(к)ите кои не одговараат на работата;
-да бара одговорност и точност;
-да прифати откажување од волонтирањето доколку волонтер(к)ите не се задоволни од работата;
-да ги замоли волонтер(к)ите да престанат со работата доколу не ги задоволуваат или не ги почитуваат договорените правила.

**Некои од обврските на организацијата која ангажира волонтер(к)и:**

-јасно да ги дефинира работните обврски на волонтер(к)ите;
-на волонтер(к)ите да им овозможи воведување во работата;
-да ги почитува и цени волонтер(к)ите;
-да обезбеди патни трошоци и мал паричен надомест доколку така е договорено;
-да овозможи безбедна работна околина;
-да ги осигура волонтер(к)ите доколку така е договорено;
-да овозможи поддршка, советување, давање информации, супервизија ;
-доколку е потребно да ги модифицира задачите во согласност со можностите, способностите и афинитетите на волонтерот/ката ;
-да овозможува функционално одбирање на волонтер(к)ите и нивно вклучување во организацијата ;
-да овозможи едукација и стручно усовршување ;
-да одржува  редовна комуникација со волонтер(к)ите;
-постојано да укажува на важноста на волонтерската работа.

МОЖЕШ ДА ПРИДОНЕСЕШ ВО СОЗДАВАЊЕ НА ПОСЕБНА ВИЗИЈА ЗА СВЕТОТ И ОКОЛИНАТА КОЈА ТЕ ОПКРУЖУВА

## КАДЕ СÈ МОЖЕ ДА СЕ ВОЛОНТИРА

Волонтерската работа е корисна во најразлични области и речиси воопшто не е ограничена во смисла што сè може да опфаќа - од административни работи и советување, до теренско работење и физичка работа. Постојат многу луѓе, места и организации на кои им требаат волонтер(к)и, а најлесен начин да се информираш повеќе е да контактираш некоја од организациите кои се бават со волонтерска работа.

Во Македонија (сè уште) не постои самостојна волонтерска организација туку во различни организации од граѓанскиот сектор постојат волонтерски центри кои се бават со поврзување на волонтер(к)ите со организации, со специфични прашања врзани за волонтирањето, како и за негово промовирање.

Во светот луѓето волонтираат во различни работи, во најразлични области: во домови за деца без родители, болници - дружење со деца неизлечиво/тешко болни, работа со ХИВ-позитивни, советување на млади за сексуалноста, работа со жени жртви на насилство, со затвореници, разни спасувачки екипи, компјутерски курсеви, курсеви за странски јазици, во домови за стари и немоќни, правна служба, обнова и уредување на јавни простори, помош при организирање културни манифестации, чистења и заштита на животната средина, работа со маргинализирани групи, со сиромашни или работа со деца, помагање во училишта, градинки и разни други установи итн.

ВОЛОНТИРАЊЕ Е РАЗМЕНА НА ЧОВЕЧКИ ДОБРИНИ, ОСОБЕНО ПРЕД СÈ: ЉУБЕЗНОСТ, РАЗБИРАЊЕ, ПОЧИТУВАЊЕ ВНИМАНИЕ И ТРПЕЛИВОСТ

Сето наведено во земјите со развиени волонтерски центри отвора големи можности за волонтирање. Одговорните институции во нашата држава не секогаш се спремни да прифатат лица заинтересирани за волонтирање. Најчесто не заради тоа што не сакаат или нема потреба туку поради немање на соодветен систем кој би ги вклучил волонтер(к)ите во работа. Сепак, доколку си заинтересиран/а за одредено специфично волонтирање во државните институции, би сакале да те охрабриме да побараш можност тоа да го оствариш. Наједноставниот начин е директно да се обратиш до соодветната институција. Можеби се вклучиш во мала локална група која решава одреден проблем или пак голема национална организација која сака да им помогне на одредени групи, или пак можеш да се придружиш на меѓународна организација која се обидува да реши некој од големите светски проблеми.

Пред да се јавиш во некоја организација/институција, еве неколку работи кои можат да ти помогнат да го најдеш твојот соодветен волонтерски избор:

- размисли колку од своето слободно време можеш да одделиш за волонтирање;

- размисли дали сакаш да волонтираш сам/а или со други луѓе;

- размисли каде сакаш да волонтираш, блиску до дома или можеби си спремен/а да патуваш;

- размисли дали постои нешто специфично што сакаш да го правиш како на пример:

МОЖЕШ ДА ПРИДОНЕСЕШ ВО СОЗДАВАЊЕ НА ПОСЕБНА ВИЗИЈА ЗА СВЕТОТ И ОКОЛИНАТА КОЈА ТЕ ОПКРУЖУВА

...да помогнеш да биде подобро таму каде што живееш;
...да запознаеш нови луѓе;
...да направиш нешто ново;
...да направиш нешто корисно;
...да го искористиш слободното време;
...да видиш како некои други луѓе живеат;
...да ги развиваш сопствените интереси или сопственото хоби;
...да правиш нешто во што и инаку си добар/а.



*"Волонтирам веќе осум години. Преку волонтерството стапив во контакт со многу нешта кои ме интересираат. Се стекнав со различни знаења, вештини и способности кои ми користат и во професионалниот и во личниот живот".*
*(Лика, 29г.)*

- ЖЕЛБА И ПОДГОТВЕНОСТ ДА МЕНУВАШ ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ

**Регистер на граѓански организации кои ангажираат волонтер(к)и може да се најде на веб-сајтот на граѓанската платформа на Македонија -** www.gpm.net.mk со податоци за граѓански организации кои изведуваат програмски активности со доброволна работа.

**Меѓународни линкови:**

www.worldvolunteerweb.org - World Volunteer Web
www.csv.org.uk - CSV - Community Service Volunteers
www.crossculturalsolutions.org - Cross-Cultural Solutions
www.volunteermatch.org - Volunteer Match
www.sciint.org - Service Civil International
www.yap.org - Youth Action for Peace
www.onlinevolunteering.org - Online Volunteering Service
www.unv.org - UN Volunteers
www.vso.org.uk - Voluntary Service Overseas
www.peacecorps.gov - Peace Corps
http://www.volunteerabroad.com - Volunteer Abroad

МОЖЕШ ДА ПРИДОНЕСЕШ ВО СОЗДАВАЊЕ НА ПОСЕБНА ВИЗИЈА ЗА СВЕТОТ И ОКОЛИНАТА КОЈА ТЕ ОПКРУЖУВА

**Неколку интересни факти и податоци за волонтирањето:**

- 5 декември е меѓународен ден на волонтер(к)ите за економски и социјален развиток;

- 2001 година беше меѓународна година на волонтер(к)ите;

- Чадор организација на сите волонтерски организации е Co-ordinating Committee of International Voluntery Service CCIVS која е основана од УНЕСКО во 1948 година;

- Во 2000 година во глобалната акција за искоренување на детската парализа, 10 милиони волонтер(к)итепомагале во имунизацијата на 550 милиони деца. Вкупната вредност на нивната волонтерска работа е проценета на 10 милијарди долари;

- Австралија издава визи за волонтерско работење за млади од 18-35 години, без оглед од која држава доаѓаат, за различни видови на работа, од помагање на ниви до канцелариска работа. Храна и сместување обезбедува работодавецот, се работи 38 цаса неделно, од понеделник до петок. Во некои случаи волонтерската работа може да биде и платена;

- 59% од тинејџер(к)ите во САД волонтираат просечно по 3,3 часа неделно, тоа се вкупно 13,3 милиони волонтер(к)и, 2,4 милијарди часови, вкупна вредност 7,7 милијарди $ ;

- Статистички гледано, во светот повеќе се волонтира во помалите градови и средини, отколку во големите градови ;



- Младите најмногу сакаат да бидат активни во спортски активности, оние од 35-44 години во образовни активности, од 45-54 год. за општествена добробит, оние преку 55 години во разни хоби активности, религија и уметност;

- Младите на возраст од 16-24 години повеќе сакаат да бидат вклучени во неформално отколку во формално волонтирање;

- Жените волонтираат трипати почесто од мажите, но според бројот на часови волонтираат подеднакво.



## УНИВЕРЗАЛНА ДЕКЛАРАЦИЈА

**донесена од Организацијата на обединетите нации**





Волонтирањето е еден од основните темелни столбови на граѓанското општество кое ги афирмира најблагородните стремежи на човекот - залагање за мир, слобода, еднакви можности, сигурност и правичност за сите луѓе.

Во ова време на глобализација и постојани промени светот станува сè помал, а случувањата во него сè повеќе се зависни и комплексни. Волонтирањето, без оглед дали индивидуално или групно, дава:

-можности за стекнување и јакнење на човековите вредности како заедништво, грижа и помош

-на поединецот како член на заедницата, кој целиот свој живот учел и растел, можност за стекнување на неговите права и одговорности и остварување на сите негови човечки потенцијали,

-можност за премостување на разликите кои нé делат за да живееме заедно во здрави, одржливи заедници, заедно да работиме и бараме иновативни решенија за сите заеднички проблеми.

- ЖЕЛБА И ПОДГОТВЕНОСТ ДА МЕНУВАШ ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ

Во зората на новата илјадагодишнина волонтирањето е есенцијален елемент на секое општество. Декларацијата на Обединетите нации говори дека „ние - луѓето“ имаме моќ да го менуваме светот и го поддржува правото на сите жени, мажи и деца слободно да се здружуваат за доброволна работа, без оглед на својата културна и етиничка припадност, вера, пол, здравствена состојба и општесвена и економска положба. Сите луѓе на светот мора да имаат право слободно да го вложат своето време, надареност и енергија на други поединци и групи за поединечно и групно делување, без за тоа да очекуваат награда во пари.



Се трудиме да развиваме доброволна работа која:

-би поттикнувала соработка на целокупната заедница, во препознавање и решавање на заедничките проблеми;

-овозможува глас на оние кои не можат да зборуваат сами за себе;

-овозможува другите да се вклучат во доброволна работа;

- дополнува, но не го заменува одговорното делување на другите сектори и работата на платените работници;

-им овозможува на луѓето стекнување нови знаења и способности и најдобар можен развој на нивните лични потенцијали, самодоверба и творештво;

-ја поддржува солидарноста во рамките на семејството, заедницата, државата и светот.

РАЗВИВАЈ ЈА СВОЈАТА СОЦИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ.

**Одговорноста на поединците и организациите во заедницата преку кои делуваат, според наше мислење, е:**

1.Создавање околина во која волонтерите со својата работа значајно ќе придонесуваат за постигнување на зацртаните цели;

2.Одредување критериуми за учество на волонтерите, вклучувајќи ги условите под кои обврските на организацијата и волонтерот може да се прекинат, како и развивање политика за водење доброволни дејности;

3.Обезбедување соодветна заштита на волонтерите и за оние на кои им помагаат;

4.Овозможување на соодветно оспособување, редовна евалуација на работата и признавање на заслугите на волонтерите;

5.Обезбедување пристап и можност за соработка на сите преку отстранување на физичките, економските, општествените и културните ограничувања.

**Со почитување на основните човекови права, како што се наведени во Декларацијата за човекови права на Обединетите нации, начелата на волонтирањето и одговорноста на волонтерите и организациите со кои се поврзани, ги повикуваме**



**СИТЕ ВОЛОНТЕРИ**, да ја изразат својата вера во доброволната работа како креативна посредничка сила, која:

-гради здрави, одржливи заедници, кои го почитуваат достоинството на сите луѓе;

-ги охрабрува луѓето да стекнат права кои ги имаат како човечки битија и така да си го подобрат живеењето;

-помага во решавањето на социјалните, културните, економските проблеми и проблемите на природната средина и

-гради подобро хумано и праведно општество преку глобална соработка

**Лидерите на:**

-**сите** сектори треба да се здружат во моќни, видливи и ефективни месни и државни „доброволни центри" како основни водечки организации за волонтирање;

-**владите** треба да им обезбедат на сите луѓе право на волонтирање, да ги отстранат сите правни пречки за соработка, да ги вклучат волонтерите во својата работа и да изнајдат средства граѓанските организации да го промовираат и поддржуваат ефективното мобилизирање и водење на волонтерите;

-**претпријатијата** треба да ги поттикнуваат своите работници волонтерски да се ангажираат во своите заедници и со човечки сили и парични средства да го поддржуваат развојот на инфраструктурата потребна за волонтирање;

-**медиумите** треба да известуваат за волонтирањето и да објавуваат информации кои ќе им помагаат и ќе ги поттикнуваат луѓето кон доброволна работа;

-**образованието** треба да ги поттикнува луѓето од сите возрасти на волонтирање создавајќи за нив можности да учат од сопственото волонтирање;

-**верските установи** треба да ја претставуваат доброволната работа како соодветен одек на духовна потреба на секој да помага;

-**граѓанските организации** треба да создаваат пријатни услови за волонтерите, и со човечки сили и финансиски средства да придонесуваат за нивно ефективно вклучување.

**Обединетите нации** да го прогласат ова десетлетие за "Десетлетие на доброволната работа/волонтирањето и граѓанското општество" и со тоа да го признаат „црвеното В" како универзален симбол на волонтирањето.

ЗДРУЖИ СЕ СО ДРУГИ СО СЛИЧНИ ИДЕИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ УСЛОВИ, ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА И СОЗДАВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ОПШТЕСТВЕНО ЖИВЕЕЊЕ

**Меѓународниот сојуз за доброволна работа (IAVE)** ги повикува волонтерите и лидерите во сите области во целиот свет да се здружат како партнери за промоција и поддршка на ефективно, секому достапно волонтирање, како симбол на солидарност на сите луѓе и народи. Меѓународниот сојуз ги повикува сите волонтериски организации во светот да ја проучуваат, коментираат и остваруваат низ својата работа Универзалната декларација.



**Декларацијата е усвоена од Меѓународниот управен одбор на Меѓународниот сојуз за волонтерска работа (IAVE International Association for Volunteer Effort) на нивната 16. светска конференција одржана во Амстердам, Холандија, во јануари 2001 год. - меѓународната година на волонтери.**



МОЖЕШ ДА ПРИДОНЕСЕШ ВО СОЗДАВАЊЕ НА ПОСЕБНА ВИЗИЈА ЗА СВЕТОТ И ОКОЛИНАТА КОЈА ТЕ ОПКРУЖУВА.

Наслов
Водич за волонтирање
Водичот го подготвија:
Ана, Милица, Александар, Гордана, Јован, Сашка, Драги, Тања, Лидија, Ивана, Александра
Издавач
Прва детска амбасада во светот Меѓаши, Република Македонија
Извршен директор
м-р Драги Змијанац
Адреса на издавачот
Прва детска амбасада во светот Меѓаши, Република Македонија
ул. Коста Новаковиќ бр. 22 а,
1000 Скопје, Република Македонија
Лектор
Марина Геческа
e-mail: first@childrensembassy.org.mk
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

Печати
Југореклам

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"
Скопје

316.354-056.87(036)

ВОДИЧ за волонтирање / [водичот го подготвија Ана, ... и др.] - Скопје : Прва детска амбасада во светот Меѓаши, 2007. - [32] стр. : илустр. во боја ; 10x15 см

ISBN 978-9989-2356-2-7

а) Волонтерство - Водичи
COBISS.MK-ID 69738506